РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ
INSPEKTORATI SHTETËROR ADMINISTRATIVË
СКОПЈЕ

| Примено / Pranuar | 13.01.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Nj. Organizative | Број / Numri | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 03- | 25/1 | | |

Арх. знак ______
Рок на чување ______
______ 20___ год.
Потпис

( Образец ПП……)

**До: <u>Државниот управен инспекторат</u>**
**(имател на информацијата)**

# Б А Р А Њ Е
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: _____/_______________
_______________________________________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1) <u>Да ми се достават документите од извршените инспекциски надзор во Македонската академија на науките и уметностите, во текот на 2024 година, во врска со сите барања за инспекциски надзор и сите дописи кои јас ги имам доставено до Државниот управен инспекторат, и тоа сите:</u>
<u>- Записници од извршените инспекциски надзори,</u>
<u>- Решенија кои го донел Државниот управен инспекторат во врска со извршените инспекциски надзори во МАНУ.</u>

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- **<u>б) препис</u>**
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **<u>г) е-маил – сакам да ме информирате по е-маил кога можам да ја подигнам документацијата од кај вас</u>**
- **<u>д) друго - сакам лично да ја подигнам документацијата од кај вас.</u>**

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во __________, _____2025 година .** [redacted]
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

**Архивски број: 03-25/2**
**Дата:29.01.2025 година**

**До [redacted]**

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под бр.03-25/1 од 13.01.2025 година барате препис на сите акти по поднесени иницијативи на Сашка Мамучевска за надзор во МАНУ.

Постапувајќи согласно член 28 став (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и член 2 став (1) алинеја 4 од Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за материјалните трошоци за дадената информација од имателите на информации (Сл.Весник на Република Северна Македонија бр.31/2022), Ве известуваме дека за препис на дел од актите, 5 страни потребно е да извршеите уплата од 25 денари во рок од 5 работни дена од приемот на ова Известување. Доказ за извршената уплата да се достави до Флоре Ставревска, Државен управен инспекторат Ресен, ул. Цар Самоил бр.20 Ресен.

Таксата од 320 денари за Препис да се уплати на уплатница на трезорска сметка 100000000063095, банка примач Народна банка на РМ, уплатна сметка 840***03161, приходна шифра 722313 програма 00

Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Флоре Ставревска

Република Северна Македонија

# ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019), овластеното службено лице за посредување со информации од јавен карактер при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага Државниот управен инспекторат, по барање на [redacted] донесе

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted], заведено во Државниот управен инспекторат под бр.03-25/1 од 13.01.2025 година **СЕ ОДБИВА.**

***Образложение***

До Државниот управен инспекторат поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] заведено во Државниот управен инспекторат под бр.03-325/1 од 13.01.2025 година.
Од увид во Барањето утврдено е дека со истото се бараат актите по сите иницијативи поднесени од Сашка Мамучевска за вонреден надзор во МАНУ.
Постапувајќи согласно член 28 став (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и член 2 став (1) алинеја 4 од Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за материјалните трошоци за дадената информација од имателите на информации (Сл.Весник на Република Северна Македонија бр.31/2022) со Известување бр.03-25/2 од 29.01.2025 година, а во врска со член 28 став (5) од Законот од подносителот е побарано однапред да го надмири надоместокот за покривање на трошоците утврдени со Одлуката. Известувањето бр.03-25/2 од 29.01.2025 година подносителот уредно го примил истиот ден на приложената електронска адреса во Барањато, но во дадениот рок не ја уплатил утврдената такса.

Бидејќи подносителот во дадениот рок не достави доказ за подмирени материјални трошоци согласно член 28 став (2) и став (5) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Права поука:** Против ова решение Барателот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер

**Решено во Државниот управен инспекторат под бр.03-25/3 на 12.02.2025 година**

Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Флоре Ставревска


Државен управен инспекторат
Република Северна Македонија

Плоштата Цар Самоил 20, Ресен
Република Северна Македонија

+389 71 322 387
www.duinspektorat.mioa.gov.mk